3990

100 ГОДИНИ ИЛИНДЕН

100 ГОДИНИ МАКЕДОНСКА ДРЖАВНОСТ

# граѓански ПРАКТИКИ

МЦМС >> 10 ГОДИНИ

Македонски центар за меѓународна соработка

## ПРЕКУ ГРАЃАНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ ДО СОПСТВЕНА ДРЖАВА

## ГРАЃАНСКИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ДО ВЕРСАЈСКАТА МИРОВНА КОНФЕРЕНЦИЈА

Број 1

# Граѓански практики

## Преку граѓански иницијативи до сопствена држава

## Граѓанските иницијативи и македонското прашање во периодот од Илинденското востание до Версајската мировна конференција

Број I

Македонски центар за меѓународна соработка

Библиотека: Граѓанско општество
Граѓански практики

Издавач:
Македонски центар за меѓународна соработка

Извршен директор:
Сашо Клековски

Одговорен уредник:
Гонце Јаковлеска

Лектор:
Даниел Медароски

Дизајн и подготовка:
Кома – Скопје

Печатница:
Графохартија – Скопје

Тираж: 500

Адреса на издавачот:
Македонски центар за меѓународна соработка
ул. „Никола Парапунов“ бб, п.фах. 55,
1060 Скопје, Република Македонија

e-mail: mcms@mcms.org.mk
www.graganskisvet.org.mk

# СОДРЖИНА


7 Предговор

9 100 ГОДИНИ МАКЕДОНСКА ДРЖАВНОСТ - ГРАЃАНСКИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ НИЗ ТОЈ ПЕРИОД
Преку граѓански иницијативи до сопствена држава
(Ружица Фотиновска)

17 Граѓанските иницијативи и македонското прашање во периодот од Илинденското востание до Версајската мировна конференција (д-р Мишо Докмановиќ)

25 ТРАНСПАРЕТНОСТ И ОДГОВОРНОСТ ВО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР
Јасна и одговорна демократија за европските граѓани
(Жанета Ќосе)

35 Обелоденувањата на финансиските извештаи во функција на транспарентност и одговорност во граѓанското општество (Николаки Миов)

43 Отвореноста и проодноста на новите невладини организации во компетитивниот граѓански сектор
(д-р Миодраг Лабовиќ)

49 Белешки за авторите

# Предговор

Драги читатели,
Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) започнува со издавањето на Граѓански практики.
Граѓанските практики се резултат на нашето (и на МЦМС и на граѓанскиот сектор) трагање по наше „домашно" разбирање на граѓанското општество.
Трагањето по одомаќени концепти и практики на граѓанското општество е резулатат на свеста дека граѓанските организации и иницијативи се делотворни само ако се домашна сопственост и ако се вкоренети во општеството.
Првите чекори МЦМС ги направи во 2001 година со замена на поимот невладини организации со граѓански организации. Таа година е издаден „Адресарот на граѓански организации во Макредонија" (IV издание). Таа година започна и издавањето на месечното списание за граѓанското општество Граѓански свет. Во 2002 година е издадено првото издание на „Проекти на граѓанските организации во Македонија".
Оваа, 2003 година, го започнуваме издавањето на „Граѓански практики".
Граѓанските практики треба да ја поттикнат и да ја поддржат изградбата на одомаќени концепти и практики на граѓанското општество во Македонија.
Граѓански практики ќе излегуваат тримесечно. Секој број ќе содржи носечка/и теми и други теми. Изборот на носечките теми го врши МЦМС.
Изборот на теми и автори е извршен преку јавен конкурс за да се овозможи пристап на широк круг теоретичари и практичари.
Првиот број е посветен на темата „100 години македонска државност - граѓанските иницијативи низ тој период". Тоа е наш прилог во одбележувањето на 100 години македонска државност и кон трагањето по корените на граѓанските организации и иницијативи во Македонија.

Сашо Клековски
Извршен директор

Ружица Фотиновска

# Преку граѓански иницијативи до сопствена држава

Граѓанските иницијативи ја менуваат свеста на луѓето. Тие обично се насочени кон легализација на одреден проблем. Кога луѓето ќе констатираат дека нешто не е во ред, тогаш наоѓаат истомисленици и покренуваат иницијатива. Во Македонија денес се ретки граѓанските иницијативи кои делуваат кон подобрување на условите за живот. Постојат еден куп регистрирани здруженија и граѓански иницијативи, но нивната работа е натопена со политика. На прсти можат да се набројат иницијативите кои последниве неколку години се дефинираат како чисто граѓански. Таков пример е иницијативата за блокада на телефоните поради високите сметки на „Македонски телекомуникации". Сличен пример е и блокадата на селаните од скопските села Волково и Орман кои не сакаа да ги дадат нивите за да им поминува магистрален пат среде селото и затоа со протести се обидоа да ја сопрат изградбата на големата обиколница во Скопје. Сѐ друго што од осамостојувањето на државата наваму се крстило како граѓанска иницијатива, за аналитичарите е чиста политика и манипулација со граѓаните во полза на една или друга политичка партија.

Граѓанските иницијативи во Македонија, пак, од почетокот на минатиот век се третираат како борба за гола егзистенција. На Балканот било вообичаено власта да биде туѓа. Поради тоа секоја граѓанска иницијатива била насочена кон подобрување на положбата на македонскиот народ.

„Од страна на власта тие тогаш биле третирани како опасност, но народот преку граѓанските иницијативи секогаш тежнеел кон формирање сопствена

држава“, вели Ѓорѓе Иванов, професор на Правниот факултет.

„Граѓанските иницијативи се својственост на демократијата. Секогаш кога државата е слаба, силна е граѓанската иницијатива. Тоа значи дека преку граѓанските иницијативи, народот бара секој ден да му биде подобро. Но кога станува збор за македонскиот народ во периодот по Илинденското востание, иницијативите за независнот биле затскривани зад културното поле. Секакво друго дејствување било строго забрането“, вели Иванов.

Ако се оди хронолошки, активностите на Македонците по задушувањето на Илинденското востание речиси замреле. Во Македонија настапила криза поради фактот што загинале голем број видни и раководни личности. За да ги избегнат потерите, судовите и затворите, дел, пак, од интелектуалците заминале надвор од Македонија.

Но, тогаш Македонија го привлекла вниманието на странската јавност, вели проф. д-р Лазар Лазаров од Институтот за национална историја. Видни дипломати од Франција, Украина, Швајцарија се залагале за формирање посебна македонска држава. Лични граѓански иницијативи за независна и единствена Македонија покренувале министри од Франција, Украина и Швајцарија, прецизира проф. д-р Лазаров.

„Франческо Гвичардини, пратеник во италијанскиот парламент, а подоцна и министер за надворешни работи, непосредно по Илинденското востание ја посетил Македонија. Тој бил одушевен од обичниот Македонец, неговата отворена душа и стремеж за создавање своја држава“, објаснува Лазаров.

Непосредно по Илинденскот востание во 1905/06 година, Гвичардини изготвил проект „Впечатоци од Македонија“. На жестоки критики ги изложил големите сили Англија и Франција и отворено проговорил дека македонскиот народ има право на своја држава. Македонците, рекол Гвичардини, имаат свои културни обележја, многу постари од нивните соседи. Тој енергично барал формирање посебна македонска држава на просторот меѓу Грција, Бугарија и Србија. Доколку тоа не се случи, предупредил италијанскиот министер, последиците ќе бидат катастрофални.

„Ако се дозволи формирање посебна македонска држава, ќе се неутрализираат големите апетити на балканските земји и ќе завладее траен мир на Балканот“, предупредил Гвичардини.

„Ова е актуелно и денес“, вели д-р Лазаров. „Без Македонија како држава нема мир на Балканот. За жал неговиот проект не се реализирал, а предвидувањата се оствариле“.

Постојат многу такви примери на лични граѓански иницијативи на видни личности од странство. На слични позиции со Гвичардини, четириесет години подоцна стоел и Жан Пармантие, француски дипломат и генерален конзул во Скопје. Тој гледал со високи симпатии на правото на Македонците да

формираат сопствена држава. Во делото ,,Мала студија за Македонија'' нагласува дека овој народ го заслужува тоа заради сите страдања што ги доживеал во минатото и му посакува просперитет и развој.

## Македонците во Швајцарија пишуваа петиции до ОН за самостојна Македонија

Значајно место во историјата на Македонија се иницијативите што ги покренувале групи Македонци кои живееле во европските земји. Во текот, и нешто по Првата светска војна во периодот 1914/18 година, започуваат лични и колективни барања за создавање сопствена македонска држава на просторот на нејзините етнички и географски граници. Барањата, во вид на петиции, биле упатувани до асоцијацијата ,,Друштвото на народите'' (сега Обединети нации). Во тој период забележителна е дејноста на македонската емиграција во Швајцарија. Таму дејствувале неколку групи македонски студенти, кои во текот на 1918 година се обидуваат да се организираат во свои друштва. Од сите нив особена активност пројавувала групата предводена од д-р Коцарев, лекар, приватен доцент во Женева, родум од Охрид. Во Женева, во текот на 1917 година, Коцарев тесно соработува со југословенската младина во Швајцарија. Како што стои во ,,Историјата на македонскиот народ'', издадена од Институтот за национална историја, под раководство на Коцарев се создава ,,Македонско друштво за независна Македонија'', чија цел е пропагирање на идејата за самостојна Македонија. Во издадениот апел од друштвото до другите Македонци во Швајцарија за соработка, меѓу другото, се истакнува основното човечко право секој народ да биде слободен и да располага со себе. Меѓутоа, иако ,,Македонија со својот народ претставува едно единство'', таа е ,,несреќно поделена од неоправдани соперништва на соседните земји'', велел Коцарев.
,,Македонија не им припаѓа ни на Бугарите, ни на Грците, ни на Србите, таа им припаѓа на Македонците. Македонија на Македонците'' - се последните зборови на апелот упатен од Македонското друштво на Коцарев во Женева до светското јавно мислење и до Македонците.
Врз основа на изнесените основни цели во апелот, Друштвото, во текот на 1918 година, развива усилена дејност. Тоа од една страна настојува да ги прибере околу себе сите Македонци во Швајцарија, а од друга да ја запознае светската јавност и државниците на големите сили со стремежите на македонскиот народ за слобода. Тоа остро ги осудува режимите на балканските држави во Македонија наложени по нејзината поделба во Букурешт и бара ,,создавање слободна и независна Македонија, која подоцна ќе стане федерална единица на балканската конефедерација или

федерација".
Во условите на военото судирање во текот на Првата светска војна, за кое Македонија беше една од арените, една од основните преокупации на оние македонски средини што можеа да го изразат своето мислење, надвор од досегот на непосредните ривали на Балканот, беше автономијата на Македонија. Односно, и во воените услови тие не се откажуваа од основните програмски цели на македонското национално движење.

## 5.000 регрутирани Македонци ѝ се спротивставија на мобилизацијата

Првата светска војна, која заврши со Версајскиот диктат од имепри-јалистичките сили, доведе до прекројување на картата на Европа и до нова вештачка поделба на Македонија меѓу трите балкански држави (Кралството на СХС односно Југославија, Грција и Бугарија). Јужните приморски краишта на Македонија со Солун и беа доделени на Грција, источните краишта и припаднаа на Бугарија, а северниот и централниот дел на Македонија, околу Повардарјето, влезе во рамките на Кралството СХС.
Како ретко која друга област во Европа, територијата на Македонија во релативно кус период, од 1912 година до 1918 година, беше скоро постојано поприште на жестоки судири на бројни војски. Голем број Македонци загинаа на боиштата и од глад, болести и епидемии. За време и непосредно по војните од Македонија заминаа многу турски семејства. Илјадници Македонци ја оставија својата татковина и одеа во соседните или подалечните земји, со што Македонија се лишуваше од работоспособна сила и интелегенција.
Во текот на 1919 година се одржуваа митинзи, собири и првомајски прослави, кон подготвување и кревање на масите на борба за демобилизација и за спречување на контрареволуционерните интервенции (во Унгарија), против шпекулацијата, безработицата, насилствата и ограбувањето на работниот народ. Покрај одделните штрајкови, масовно и организирано Македонците ѝ се спротивставија на регрутацијата што ја вршеа воените власти во почетокот на декември 1919 година. Како голема граѓанска иницијатива се оценува демонстрацијата во Битола, кога околу 5.000 повикани регрути од Битола, Охрид, Ресен, Кичево и Дебар се спротивставија на мобилизацијата на окупаторот. Со развеано црвено знаме и пароли против милитаризмот и монархијата, доби размери на вистински бунт.





## Младината почна да го промовира македонското прашање

По донесувањето на Законот за заштита на јавната сигурност и поредокот на државата, односно Законот за заштита на државата (2 август 1921 год.), во Македонија настапи најсурово задушување на работничкото движење и секој вид на комунистичката дејност и пропаганда беше прогонуван и најстрого казнуван. Ама за издигање на младината во тој период се основаа спортски друштва („Напредок", „Спартак" и др.) и културно-просветни и драмски секции. Работата на ваквите друштва имаше големо значење не само за ширењето на просветата и свеста кај народот, туку и за развивањето на спортскиот, културниот, и забавниот живот по македонските градови. Покрај тоа, приредбите и турнеите на овие друштва и секции често пати служеле за прикривање пред власта на работата околу воспоставувањето и одржувањето на врските помеѓу партиските организации и групи во Македонија.
Во средината на триесеттите години постепено се зголемуваше академската младина од која почна да се создава македонската интелегенција. Голем дел од македонските студенти што се образуваа на универзитетите во Белград и во Загреб, влегоа во редовите на напредното студентско движење и стекнуваа драгоцено искуство за револуционерна работа. Во штрајковите, демонтстрациите, судирите со полицијата учествуваа и Македонците. Исто така, студентите од Филолошкиот факултет во Скопје се вклучуваа во таквите општостудентски акции. Здружението на македонските студенти во Загреб „Вардар" и истоименото такво здружение во Белград станаа жариште на интензивна политичка и културно-просветна дејност. Во здруженијата беа држани реферати, предавања и дискусии на актуелни општествено-политички теми. Како црвена нишка низ сите нив се провлекуваше македонското национално прашање, кое се разгледуваше од разни аспекти. Во рамките на овие здруженија беа давани приредби со македонски народни песни и ора и со сценски фрагменти и импровизации од животот, страдањата и борбата на македонскиот народ. Големо значење имаше турнејата што ја направи загребското здружение „Вардар" по Македонија кое го ширеа здравото патриотско чувство. Тие направија и весник „Наш весник". Меѓу соработниците на весникот бил Кочо Солев Рацин и Страшо Пинџур. Но весникот се печател во Загреб зашто се сметало дека ќе има помалку пречки од власта доколку се печати надор од Македонија. Полицијата, веднаш по излегувањето на првиот број, го заплени весникот и забрани секое негово

натамошно излегување.
Студентите одиграле важна улога во популаризирање на тезата за македонската нација како издиференцирана национална целина од другите балкански нации, придонесувајќи истовремено за зацврстување и афирмација на мекедонската национална свест.

## Литературните кружоци го освестуваа светот за Македонија

Литературните кружоци формирани од Македонци постоеле во соседните земји. Тие меѓу себе се нарекувале од градовите од каде што потекнувале (Кавадарци, Скопје...). Посебно биле активни во периодот меѓу двете светски војни и по Втората светска војна. Најмногу ги имало во Бугарија, Русија, Украина. Покрај културните активности, тие одржувале непосредни контакти со Македонското револуционерно движење. Преку своите весници ги анимирале странските власти за борбата на Македонците за формирање сопствена држава.
Меѓу најпознатите бил нелегалниот македонски литературен кружок во Софија формиран во 1938 година. Иницијатори и членови на овој кружок беа Никола Вапцаров, Антон Попов, Михаил Сматракалиев, Асен Шурдов, Кирил Николов, Ѓорѓи Абаџиев и Димитар Митрев. Во Кружокот подоцна влегле Коле Неделковски и Венко Марковски. Покрај читањето и разгледувањето на творбите од членовите на кружокот, во него се изнесуваа реферати за проблематиката околу изградувањето на македонската национална култура и се водеа дискусии за особеностите на македонскиот литературен јазик и за негово афирмирање. За афирмирање на членовите на кружокот придонесе и весникот „Литературен критик", под редакторство на Никола Вапцаров и Димитар Митрев. Дејноста на кружокот заврши непосредно по објавувањето на војната на Хитлеровата Германија против СССР, бидејќи неговите членови или беа интернирани или се беа вклучиле во бугарскиот антифашистички отпор.
Пројавите на македонската национално-културна активност во Бугарија предизвикаа сè позасилена загриженост кај бугарските официјални фактори. Тие откриваа во нив најсериозна пречка за својата шовинистичка великобугарска пропаганда. Токму тие македонски национални пројави придонесоа и за подигањето на македонското национално самочувство кај

пиринските и емигрантските маси.

## Жените демонстрираа и не ги пуштија синовите и мажите во бугарската војска

Антифашистичкиот фронт на жените, освен во борбата против окупаторот, има богата и разновидна активност и иницијативи за правата на Македонецот од стопански, политички и просветно-културен план.
Користејќи ги редиците пред продавниците, но и посебно организирани состаноци во форма на седенки, жените го разобличувале окупаторскиот систем и вршеле пропаганда за НОБ. Тие во 1942 година извеле и повеќе демонстрации и протести за леб и против ниските и недоволни дажби на животни намирници, против мобилизацијата, интернирањето на мажите и др. Демонстрацијата на жените на 11 мај 1942 година, во Велес, израсна во силен протест против бугарската мобилизација на Македонците, кои всушност биле носени во концентрациски логори. Пред велешката општина цел ден демонстрираа 200-300 жени. Тие ѝ се спротивставија на мобилизацијата и истакнаа дека нема да ги пуштат своите синови и мажи во бугарската војска, ниту ќе дозволат да станат топовско месо за сметка на Германците.
Женските комисии беа главните организатори на собирањето народна помош, на чувањето илегалци, на приготвувањето храна и облека за борците, тие вршеа курирска дејност и др.



## Гимназијалците штрајкуваа против бугаризацијата

Антифашистичката младина исто така ѝ даде силен отпор на денационализацијата и фашизацијата на младината во Македонија. Отпорот на младината во школите беше насочен против употребата на бугарскиот јазик, против фалсификувањето на историјата на македонскиот народ и прикажувањето на неговото минато како бугарско. На учениците посебно им тежеше притисокот од училишните власти и полицијата, кои настојуваа младината да се зачленува во разни фашистички организации. Поради тоа, учениците организираа протести и штрајкови. Познати се протестите во 1941 година во Прилеп, Скопје, Битола, потоа во март 1942 година штрајкот во гимназијата во Велес во знак на протест против исклучувањето на пет ученици поради прогресивна дејност. Штрајковите на учениците имаа широк одѕив во Македонија и претставуваа посебна победа над окупаторот. Тие протести и штрајкови ја зацврстија верата кај младината и поттикнаа нови

политички потфати против окупаторот.
Младината ги бојкотираше бројните бугарски патриотски манифестации, како и посетите во црквите, каде што свештениците често држеа говори за величината на бугарското царство и за наводно бугарскиот карактер на Македонија.

## Власта ги заборава граѓанските здруженија

Иницијативи за независност македонските здруженија покренувале во периодот по Втората светска војна до денес. Во нив, во основа се барало заштита на македонските национални права и слободи во Грција, Србија, Албанија и Бугарија. („Обединети Македонци" - Бугарија, „Достоинство" во Македонија, „Виножито" во Грција).
Тие најчесто пишувале петиции во кои се барало да се прекине со теророт на Македонците во Пиринска и Егејска Македонија и во Албанија, како и правото за обединување на македонскиот народ.
Во 1946 година, професорот Лазаров, како посебна граѓанска иницијатива ја издвојува активноста на Мануилски, претставник од Украина на Парискатa мировна конференција. Во неговиот настап тој ја критикува Грција и ја обвинил дека го тероризира македонскиот народ. Мануилски апелирал до Грција да им ги даде граѓанските и националните права на Македонците, а не да ги прогонува и убива што се случувало во текот на граѓанската војна во Грција (1945-1949).
Активноста на македонските здруженија во соседните земји се зајакнала од 1991 година. Но, експертите оценуваат дека македонските власти не ги помагале доволно овие здруженија и не одржувала врски. Иако нивната работа немала којзнае какви драстични ефекти, нивната работа е значајна зашто ја шират вистината за немање граѓански права на Македонците во соседните земји. Со тоа се создавале симпатии кон македонскиот народ, а



д-р Мишо Докмановиќ

# Граѓанските иницијативи и македонското прашање во периодот од Илинденското востание до Версајската мировна конференција

Знам само две трагични истории во светот – онаа на Ирска и онаа на Македонија. И двете биле лишувани и измачувани.
Роџер Кејсмент
ирски патриот

Илинденското востание е големо дело на ,,малиот,, македонски народ. Без оглед на сојузот на сите непријатели против неговата слобода – Османлиската империја, соседните држави и двата меѓусебно спротивставени блока на големите империјалистички сили - Илинденското востание е пример за јуриш кон ѕвездите на еден народ, пример за саможртва на сопственото ослободување и самоопределување. Востанието во себе ги обединува жртвите на многу македонски синови и ќерки положени за време на петвековното турско ропство на олтарот на татковината. Иако крваво задушено, Илинденското востание останува да постои како вонвременски настан во македонската историја, настан кој претставува меѓник на македонската државност.

Републиката што се роди од пазувите на востанието, со својата величина создаде трајни морални вредности кои со силата на револуцијата се наложија во свеста на современиците и потоа. Токму тие морални вредности ќе бидат основа на сите иницијативи што ќе следуваат во периодот по Илинденското востание. Носители на тие иницијативи ќе бидат обични луѓе, луѓе кои ја сакаат својата татковина, луѓе кои знаеле колку е мачен и трнлив патот кон независноста.

Токму тие македонски интелектуалци во периодот по Илинденското востание ќе се обидат да ја активираат меѓународната јавност, владите на големите сили за големите неправди што ќе ѝ бидат нанесени на Македонија во периодот до Версајската мировна конференција, во трите пресвртни години

(1903, 1913, 1919 г). Овој труд е фокусиран на граѓанските иницијативи во овој период и претставува еден скромен придонес кон прославата на стогодишнината на македонската државност.

## „Црвени мракобесници“[1]

Последиците од задушувањето на Илинденското востание ќе бидат катастрофални, како за населението, така и за револуционерната организација. Обид за консолидација е извршен на Рилскиот конгрес на организацијата на кој победува концепцијата на левицата на организацијата која јасно се изјаснува против бугарскиот државнички национализам.
Во периодот од Рилскиот конгрес до Младотурската револуција не беа евидентни поголеми граѓански здружувања. Овој период претставува еден од најтешките за македонското националноослободително движење. Од една страна, соседните држави забрзано распоредуваат свои чети на македонска територија, а од друга страна, расколот помеѓу левицата и десницата на револуционерното движење станува сѐ поевидентен. Меѓутоа, по Младотурската револуција доаѓа до формирање на Народната федеративна партија чија политичка програма се заснова на политичката програма на левицата на ВМОРО, т.е. на идејата за формирање источна федерација.
Во своите политички активности, Народната федеративна партија се залага за создавање демократски поредок кој ќе отвори простор за слободно изразување на малцинствата. Истовремено, оваа партија се залага за воведување слобода на печатот, на здружување, на митинзи, и штрајкови, но и за воведување на основните институти на парламентарната демократија, како што е министерската одговорност. Покрај тоа, НФП енергично се залага за добивање статус на признати институции на црковноучилишните општини, за решавање на аграрното прашање, како и за заштита на економските интереси на населението. Не случајно, австрискиот конзул Пара во Солун ќе забележи: „Народната федеративна партија, поради својата програма, станала социјалдемократско здружение“.
Доста илустративен е говорот на пратеникот Димитар Влахов, еден од четворицата македонски пратеници избрани на изборите во 1908 година, во Отоманскиот парламент во 1910 година. Во овој говор, Влахов јасно се залага за стимулирање на земјоделците, за промена на финансиската политика, за привлекување странски капитал и за воведување на прогресивно-пропорционалниот систем на оданочување. Зачудувачки е

[1] Термин користен за раководителите на НФП од страна на бугарската егзархија

колку говорот е актуелен и од денешна временска точка, имајќи ја во предвид временската разлика од преку деведесет години.
Не помалку важни се и активностите на уште еден македонски пратеник во Отоманскиот парламент, Панче Дорев. Тој заедно со групата собрана околу весникот ,,Светлина,, имаше за цел да го организира и да се стави на чело на македонското граѓанско општество преку зближување на Македонците со Турците како баланс на бугарско-грчката коалиција, како и преку реформирање на самата држава . За жал, овие активности, како и многу пати пред тоа, не наидоа на успех.
Сепак, мора да се повлече дека создавањето на НФП претставува повисока етапа во развојот на ослободителното движење. Појавата на оваа граѓанско демократска организација, но и младотурското уставно владеење, претставуваат директен поттик за раздвижување на сите средини на македонското општество. Во овој период се појавуваат голем број културно-просветни, професионални, политички и музички здруженија, а истовремено се активирала и издавачката дејност. Таква е, на пример, профионалната асоцијација ,,Учителска организација'' која се залагала за одбрана на граѓанските и политичките права на учителите, демократизација и исчистување на училиштата од шовинизам и клерикализам.

## Македонски глас

Според мене, Македонецот не може да се нарече ни Бугарин, ниту Србин,
туку просто Македонец
Рудолф Арчибалд Рајс
Универзитетски професор

Граѓанските иницијативи против наметнувањето нова, потешка власт над Македонија, против ,,заменувањето на турското ропство со христијанско'', против опасноста од поделба на Македонија од страна на трите балкански претеденти, биле покренати и од страна на Македонците кои живееле надвор од Македонија. Во оваа активност во периодот по отфрлувањето на турската власт предничи Македонското научно-литературно другарство под формата на Македонската колонија во Петроград, тогашната руска престолнина, и нејзиниот најистакнат активист – Димитрија Чуповски.
Во почетокот нивните настојувања се состоеле во обидот да се избере и испрати една делегација на Лондонската мировна конференција со цел создавање слободна македонска држава. По доживеаниот неуспех, активистите, меѓу кои и Димитрија Чуповски, биле протерани и принудени да

се вратат во руската престолнина каде што својата активност ја продолжиле преку весникот „Македонски глас".
Весникот „Македонски глас" излегувал со цел да ја придобие руската јавност на македонска страна во пресвртното време на балканските војни и почетокот на Првата светска војна. Особено внимание привлекува текстот на Димитрија Чуповски „Македонија и Македонците", објавен во 1913 година. Во текстот ја дава генезата на македонскиот народ од неговото населување на Балканскиот Полуостров па сè до актуелните настани во тоа време. Притоа, ја нагласува улогата на светите браќа Кирил и Методиј, значењето на формирањето на Охридската архиепископија, но и последиците од нејзиното укинување, за на крајот да се задржи на потребата од поголема поддршка во решавањето на македонското прашање од страна на Русија.
Покрај овие активности, македонската колонија во Петроград се обратила со повеќе меморандуми до мировната конференција во Лондон (март 1913 година), до владите и сојузните балкански држави и Балканскиот комитет во Лондон (јуни 1913 година), познат под името „Меморандум на Македонците", барајќи признавање на правото на самоопределување и конституирање на Македонија како самостојна држава во своите етнографски и културно-историски граници со своја сопствена влада. Освен тоа, во овој меморандум се нагласува посебноста на народот кој има своја историја, начин на живеење, своја некогашна државност и свои идеали. Воедно, во овој меморандум се бара да се воспостави древната Охридска автокефална црква, која ќе се наоѓа во канонско единство со другите православни цркви: грчката, руската, бугарската, српската, романска и сириско-арапската; како и свикување национално уставотворно собрание во градот Солун, избрано по пат на општо гласање.
Исто така. по склучувањето на мировниот договор во Букурешт во 1913 година, „Македонски глас" во повеќе натписи бара да се осуди овој договор, дефинирајќи ја новосоздадената ситуација како окупација, вмешувањето на соседните држави како меѓународно разбојништво, а претставниците на македонската интелигенција на еден собир донесуваат и Резолуција во врска со ова прашање.
Граѓанските иницијативи се актуелни и во годините што следуваат. Во предвечерјето на Првата светска војна во светското јавно мислење, а особено во Русија, се изградува ставот за постоење потреба за создавање независна македонска држава. Овој став е промовиран од страна на специјалната комисија на Советот на друштвата на словенска заемност преку Резолуција за македонското прашање. Во оваа резолуција се истакнува дека со признавањето на самостојна Македонија нема да се засегне ни

српското, ни бугарското, ни грчкото самољубие и дека најправилно решение на проблемот е да се образува целокупна и независна Македонија со издвојување на деловите заземени од соседните земји во 1913 година.

## Граѓанските иницијативи кон крајот на Првата светска војна и за време на Мировната конференција во Париз

Граѓанските активности во врска со македонското прашање аксцелерираат кон крајот на Првата светска војна. Тоа е логично со оглед на фактот што речиси секоја војна, особено војната од размерот на Првата светска војна, завршува со мировен договор со кој, меѓу другото, треба да се решат и отворените прашања коишто постоеле со самото започнување на војната.
Во овој период мора да ги истакнеме активностите на Македонскиот раволуционерен комитет во Петроград, основан во текот на 1917 година. Овој комитет излегува со програма со која решавањето на македонското прашање го гледа во создавањето балканска федеративна демократска република составена од следните федерални републики: Македонија, Албанија, Црна Гора, Грција, Србија, Бугарија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија и Тракија. Самата програма во своето заглавје го носи слоганот: ,,Балканот за балканските народи. Полно самоопределување за секоја нација,,.
Жива активност развила и македонската емиграција во Швајцарија. Тие организирале повеќе свои друштва борејќи се за слободна, неделлива Македонија во нејзините етнички и географски граници. Тука ќе ги спомнеме ,,Македонското друштво за независна Македонија,, основано од д-р Коцарев со седиште во Женева, политичкото друштво ,,Македонија на Македонците,, со седиште во Цирих, Друштвото за заштита на правата на Македонците со седиште во Лозана, како и подоцна формираниот Генерален совет на македонските друштва во Швајцарија[2]. Во правилникот на политичкото друштво ,,Македонија на Македонците,, е определено дека целта на друштвото е да работи на остварувањето независна Македонија, борејќи се против секакво странско влијание и да го запознава јавното мислење со вистинската ситуација во Македонија. За остварување на овие цели друштвото се служело ,,со печатот, со објавување брошури, организирање политички конференции, дискусии, другарски средби и организирање јавни собири и вечеринки''.
Главниот совет на македонските друштва во Швајцарија повеќепати се

[2] организација основана со обединување на трите најбројани македонски друштва во Швајцарија на 15.12.1918 г. со основна цел за применување на принципите на претседателот Вудро Вилсон, т.е. да му се даде право на македонското население слободно да располага

обратил со телеграми и апели до мировната конферереноција во Париз. Во еден меморандум, Главниот совет се залага за воена окупација на Македонија, но и за времена управа доверена на претставници на македонскиот народ, како и за враќање на сите Македонци во татковината. Во „Апелот до цивилизираниот свет" се изнесува барањето за создавање независна Македонија под протекторат на една голема сила и воведување кантонална управа по примерот на Швајцарија, со цел да им се обезбеди на сите малцинства, без разлика на јазикот и верата, апсолутна еднаквост во нивниот економски и духовен развиток.

## Заклучок

Од овој скромен и краток преглед на граѓанските иницијативи во периодот од Илинденското востание до Версајската мировна конференција можат да се извлечат повеќе заклучоци за карактерот, природата на граѓанското организирање и да се направи паралела со денешните организации од тој тип. Мора уште на самиот почеток да се подвлече дека се работи за период во кој демократијата била мисловна именка што самото по себе може да нѐ навлече на заклучокот дека во едно феудално општество во распаѓање е невозможно да постојат форми на граѓанско организирање, а уште повеќе е невозможно да се споредат тие иницијативи со оние што денеска постојат во нашето секојдневие. Понудениот историски преглед нуди сосема поинаква слика, слика којшто ни порачува дека не само што може да се споредат граѓанските активности, туку можат и рамо до рамо да се носат со оние денешните.

Притоа, неизбежно е да се нагласи нивната политичка обоеност која произлегува од самиот факт што граѓанските иницијативи биле фокусирани кон промена на постојните општествени односи од феудален карактер и нивна замена со демократски општествен режим. Посакуваните промени биле изводливи единствено преку револуционерна вооружена борба, при што употребата на евентуални политички методи би била сведена на минимум. Во тој контекст, низ целиот париод, којшто беше предмет на наша анализа, очигледно е дека носителите на граѓанските иницијативи имале мошне солидни познавања на принципите на либералната демократија што се гледа во самото устројство на Крушевската Република, залагањата за формирање уставотворно собрание, воведувањето на министерската одговорност, за воведувањето одредени социјални права[3], како и правото на слобода на изразувањето, како и враќањето на бегалците. Покрај тоа, тука мора да ја апострофираме активноста на македонската група во

[3] социјалните права како уставна категорија се јавуваат во Вајмарскиот устав донесен во 1919 година во Германија.

Петроград која со понудената програма го прескокна времето и просторот во кој се појави и во извесна смисла претставува антиципација на државното уредување во Југославија.
Исто така, кристално јасна е сличноста која постои помеѓу граѓанските иницијативи некогаш и денес во однос на примената на средствата за постигнување на целта. Средствата што, *exempli causa*, ги користело политичкото здружение „Македонија на Македонците" се идентични со оние методи на анимирање на јавноста што се користат и денес (митинзи, собири, апели, резолуции, предлог-програми итн). Во тој правец мора да се посвети внимание на фактот што огромен број професори, новинари, парламентарци, писатели се зазеле за решавање на македонското прешање во полза на македонскиот народ. Доволно е само да се види листата на почесни членови на Главниот совет на македонските друштва во Швајцарија и сè е јасно. Сите тие верувале дека со нивните граѓански иницијативи ќе го помогнат македонското националослободително движење.
Почитувањето на правата на малцинствата е уште еден сегмент кој зазема значајно место во активностите во овој период. Со самото создавање на Крушевската Република, во нејзиниот Манифест беше нагласен мулти-етничкиот карактер на државата во која Македонците, Албанците, Турците, Власите, Ромите ќе живеат рамноправно. Тоа уште еднаш покажува дека потребата од етнички соживот постоела уште многу одамна.
Од аспект на денешните случувања, интересен е фактот што голем број од опфатените организации ја нагласувале потребата од возобновување на Охридската архиепископија и воспоставување канонско единство со другите цркви во православната екумена.
*Summa summarum*, можеме да заклучиме дека првенствено граѓанските иницијативи биле насочени кон политички промени на статусот на Македонија и на македонската нација, но и дека тие се занимавале се секојдневните проблеми на населението. Иако овие иницијативи не вродиле со успех, тие одиграле извонредна улога во зачувувањето на идентитетот и во јакнењето на самодовербата на македонската нација. Токму овие работи ќе имаат пресудно значење во создавањето на македонската држава како федерална единка во поствоена Југославија, но и во прогласувањето самостојна и независна Република Македонија на референдумот одржан на 08.09.1991 година.
Ова мое излагање би сакал да го завршам со цитат од предговорот кон „Македонска крвава свадба" од Војдан Чернодрински: „Што напишав јас? - Ништо не напишав. Јас го препишав од сè уште ненапишаната историја на Македонија... Успеав ли? Дали точно препишав? - Не знам; за тоа нека се искажат господата критичари. Ако сум успеал, се радувам, ако пак не, сиот грев го фрлам на оние што можат поубаво да ја извршат оваа работа,

која мене не ми беше по силите...''.

Жанета Ќосе

Копенхашките критериуми и граѓанскиот сектор

# Јасна и одговорна демократија за европските граѓани

- Копенхашките критериуми за членство во Европската Унија се мерки за достигнувањата на одредени стандарди во демократијата, владеењето на правото, човековите и малцински права и градењето стабилни институции
- Со транспарентно и одговорно работење јакне довербата на граѓаните во јавната власт, општеството станува постабилно и се поттикнуваат развојните процеси
- Клучна улога во развојот на граѓанската свест за важноста на граѓанинот за општеството, за прогресот и за неговата демократизација, за правата и должностите, односно за одговорност за сопствените активности, има граѓанскиот, популарно наречен трет сектор
- Граѓанскиот сектор би требало да се обврзе за спроведување активна комуникација, со цел јавноста да има пристап до која и да е информација којашто се смета за корисна во транспарентно демократско општество

## Наместо вовед

,,Граѓанското општество, преку НВО, се чини дека е поактивно инволвирано во реформските процеси во општеството, особено во смисла на градењето демократија, промоција на плурализмот, унапредувањето на правдата и борбата против сиромаштијата. Во сé поголема мерка, НВО имаат платформи во кои ги изразуваат своите гледишта, а се воведуваат и структури за координација за да им овозможат да играат целосна улога во социјалните и политичките процеси. И во текот на кризата и за време на парламентарните избори, тие беа мошне ефективни. Сепак, финансирањето на НВО е сé уште кревко, а законодавната рамка би требало да го унапреди нивниот развој''. Ова е оценката на Европската комисија за состојбата во граѓанскиот сектор во Македонија за минатата година.

Примарна улога на цивилниот сектор е да врши постојан притисок врз власта за остварување на интересите на граѓаните. И тоа да го прави што потранспарентно и поодговорно, а власта да работи јасно, јавно и одговорно. Одговорноста впрочем е противтежа на правата, зашто нема права без одговорност. Затоа и задачите на власта и на граѓанскиот сектор се испреплетени. Овој сектор е одговорен за обезбедување помош за граѓаните во формирањето соодветни погледи и на критичко мислење за состојбата на општеството во коешто живеат, но и за тие на коишто им ја довериле власта. Од суштинско значење е да се сфати дека граѓанското општество го охрабрува информираното учество на јавноста за прашања од заеднички интерес на граѓаните, се залага и за ефикасна и ефективна власт, особено на јавната администрација. Цивилниот сектор преку надзор и со постојан притисок може да помогне да се избегне ризикот од корупција на администрацијата и придонесува за афирмирање на нејзината легитимност како јавен сервис. Со транспарентно и одговорно работење јакне довербата на граѓаните во јавната власт, со што општеството станува постабилно и се поттикнуваат развојните процеси во него.

## Европски критериуми и меѓународни документи

Копенхашките критериуми за членство во Европската Унија се мерки за достигнувањата на одредени стандарди во демократијата, владеењето на правото, човековите и малцинските права и градењето стабилни институции. Овие критериуми, што се дел од политичките критериуми за интегрирање во европското семејство, се услов за изградба на обединета Европа како граѓанско општество и на унапредување на правата на секој европски граѓанин. Агендата 2000 ги зацртува напорите што треба да се вложат за

демократизација на општествата во наредниот период, особено во земјите во развој, кандидатки за членство или со асоцијативен договор како Република Македонија. Критериумите од Копенхаген најбрзо и најефикасно може да се остварат преку една од четирите слободи, слободата на движење на идеи и преку нивна слободна размена. Во согласност со принципот на еднаквост, демократските општества на сите граѓани им нудат еднакви можности за развој и за унапредување на животните услови. Клучна улога во развојот на граѓанската свест за важноста на граѓанинот за општеството, за прогресот и за неговата демократизација, за правата и должностите, односно за одговорноста за сопствените активности, има граѓанскиот, популарно наречен трет сектор.

Едно граѓански организирано општество се стреми да постигне што поголемо единство на членовите на невладините организации, особено поради обезбедување и реализација на идеалите и на принципите што се нивно заедничко наследство. Членот 19 на Универзалната декларација за човекови права, членовите 6, 8 и 10 на Европската конвенција за човекови права и основни слободи, Конвенцијата на ОН за пристап до информациите, јавното учество во донесување на одлуките и за пристап до судски прашања и прашања на опкружувањето (усвоено во Архус, Данска, на 25 јуни 1998 година) и Конвенцијата за заштита на поединците со осврт на Автоматската обработка на личните податоци од 28 јануари 1981 година (ЕТС бр. 108), Декларацијата за слобода на изразувањето и информирањето, усвоена на 29 април 1982 г., како и Препораката бр.Р(81)19 за пристап до информациите на јавните власти, Препораката бр.Р(91)10 за соопштување на личните податоци на јавните органи за малцинските партии, Препораката бр. Р(97)18 и Препораката бр.Р(2000)13, Европската полиса за пристап на архивите... се само мал дел од тоа наследство. Тоа се инструменти во коишто се содржани основните насоки за транспарентност и одговорност во работата на владините, но и на сите институции што треба да се залагаат за остварување на граѓанските интереси.

Имајќи ја предвид важноста на плурализмот, на демократското општество, транспарентноста на јавната администрација и на цивилното општество, на расположливоста на информациите по прашањата од јавен интерес, пристапот до официјалните докуметни и документите на граѓанските асоцијации и на невладиниот сектор, врз база на еднаквост и во согласност со јасните правила, треба да се вложат најголеми напори на јавноста да ѝ се осигура пристап до информациите за заштита на основните права и слободи и на легитимните интереси. Основните принципи ги сочинуваат минималните стандарди и треба да се прифаќаат без никакви предрасуди во однос на домашните закони и прописи. Граѓанскиот сектор би требало да се обврзе за спроведување активна комуникација, со цел јавноста да има пристап

до која и да е информација којашто се смета за корисна во транспарентно демократско општество.

## Демократска меѓузависност

Еволутивниот процес на развојот на правата на човекот се движи од природни и универзални, дадени со самото човеково постоење, или стекнати, како индивидуални и како групни права. Во теоријата, човековите права се категоризираат на неколку начини, како природни, граѓански и политички, економски и социјални, културни и солидарни и еколошки права, односно како права од три или од четири генерации, кои на човекот му припаѓаат и кои што ги остварува како поединец или во заедница со другите од групата.
Правото на слобода на изразувањето е обезбедено со членот 10 од Европската конвенција за човекови права. Европската комисија и Судот за човековите права се произнесоа дека ,,слободата на изразувањето претставува еден од есенцијалните темели на демократското општество, еден од основните услови за неговиот прогрес и за самоисполнување на секоја индивидуа, слободата на изразувањето дава можност за учество во јавната размена на културните, политичките и општествените информации и идеи од секаков вид, а слободата на печатот ѝ дава на јавноста едно од средствата за откривање и формирање мислење за идеите и ставовите на политичките лидери''.
За да се разбере функционирањето на граѓанското општество, а со тоа и на улогата на граѓанскиот сектор во него, најпрво треба да се разбере поимот демократија. Во основа тоа е претставата и практикувањето на граѓанството. ,,Створи граѓани'', рекол Жан Жак Русо, ,,и ќе имаш сè што е потребно, без нив, немаш ништо освен безвредни робови''. Трите основни димензии на граѓанството се извршувањето на граѓанските, политичките и општествените права. Не е можно целосно да се уживаат сите овие права доколку не се живее во демократски систем, вели Маршал. Институции кои се чувари на остварувањето на овие права се независното судство, политичките партии и слободниот печат, со поддршка во либерализиран економски систем. Или, на една страна е државата, а на друга граѓаните, со своја улога во демократскиот систем. Цивилно општество се формите на самоорганизираност на граѓаните, што не се под контрола на државата.
Слободата на изразувањето и слободата на печатот се неизоставни елементи на демократијата. Конечната одговорност на јавноста е да одлучи како ќе живее, но за тоа треба и мора да е целосно информирана. Токму затоа заемната зависност на граѓанскиот сектор и медиумите е неопходен услов

за изградба на цивилното општество. Тие не смеат да дозволат да паднат под влијание на власта и да им помагаат на граѓаните, барајќи целосна транспарентност и одговорност за владините активности.
Цивилниот сектор не може да ја преземе улогата на политичките партии и затоа одговорноста и на опозицијата е мошне голема, таа треба да изнајде начин и на избори да излегува обединета. Истовремено, на единствената опозициска изборна листа мора и треба да се најдат и најугледните претставници на невладините организации и на синдикатите, како и поединци со морален и стручен интегритет. Заедничкото дејствување на цивилниот сектор и на демократските политички партии е основен предуслов за вистинска демократизација на државата, во која центрите на моќ мораат да станат што подостапни за граѓаните. Во тоа можеби пресудно значење има воведувањето на европскиот модел на локална самоуправа.

## Чувари на демократијата

Во цивилното општество има демократски чувари, коишто го следат патот на информациите до граѓаните и да нудат помош за следење на граѓанскиот правец и во формирање на јавното мислење. Тоа ја насочува јавноста кон решавање на проблемите во граѓанското општетство. Граѓанските асоцијации или организации одбиваат да бидат контролирани од власта, тие се дел од системот на јавна контрола. Тие се ставаат под контрола на граѓанскиот систем и надзорот на јавноста врз нивните активности тие го прифаќаат како обврска. Одговорноста на невладините активисти е пресудна за стекнување на довербата на граѓанинот. Без доверба кон нив, нема ни доверба во активностите на невладиниот сектор, ни во извршувањето на нивната примарна задача - перманентен притисок врз власта. Граѓанските организации се еден од факторите за креирање или сочувување на квалитетот на современата демократија на европскиот континент, како создавачи и чувари на различните европски културни наследства. ,,Европската цивилизација е вистински глобална цивилизација, но едновремено се одликува со забрзана желба нејзините различни култури или сфери да зачуваат нешто од автентичната индивидуалност'', рекол Вацлав Хавел.
Организациите на граѓанското општество може да овозможат да се слушне гласот на заинтересираните страни, а особено на сиромашната и маргинализирана популација, со што ќе помогнат да се осигура дека нивните ставови ќе се земат предвид во донесување на одлуките за владините политики и програмите. Тие може да го зголемат и да го избалансираат дејството врз развојните програми со понуда на знаење за локалната заедница, со утврдување можни ризици, со давање целна помош и со приближување на

локалната заедница. НВО може да донесат иновативни идеи и решенија за предизвиците на развојот и на локално и на глобално ниво, да осигураат стручни знаења и да ги зголемат капацитетите за ефективно нудење услуги, посебно во опкружување со ниски капацитети на јавниот сектор или во повоени ситуации, и да ја подобрат јавната транспарентност и одговорност на развојните активности, и така да придонесат за средина поповолна за добро управување.
Ангажирањето на граѓаните е процес со којшто организациите на цивилното општество активно се ангажираат во поврзување и активности со државата и со други носители на развојот поради решавање прашања од јавно значење. Активностите би требало да го поттикнуваат дијалогот и ширењето информации, да го зајакнат партнерството со главните учесници за да помогне во развојниот процес. Главните учесници би можеле да ги вклучат владините агенции, организациите на цивилното општество, мултилатералните и билатералните агенции, фондови и приватниот сектор.

## Соседни искуства

Како Европската Унија ги оценува промените во изградбата на граѓанското општество во државите во развој од нашето непосредно соседство и во југоисточноевропскиот регион? Хрватскиот јавен сектор сè уште се наоѓа на патот на транзиција кон јавен сектор компатибилен на пазарното стопанство, а натамошни напори треба да се вложат во зголемување на неговата транспарентност. Приближувањето до Европа и натамошната демократизација на општеството уште повеќе ја нагласуваат потребата за јакнење на овие процеси. Спротивно на тоа, нетранспарентното фискално управување делува дестабилизирачки, создава неефикасност и шири нееднаквост. Управувањето со јавниот сектор е од централна важност за постигнување макроекономска стабилност и високи стапки на економски раст, а транспарентноста е еден од клучните елементи за управување со тој сектор. Транспарентноста на јавниот сектор значи отвореност кон јавноста, особено кон структурите и функционирање на државата, на мерките на фискалната политика, на сметките на јавниот сектор и фискалните проекции. Се очекува да се зголеми транспарентноста, што е од клучна важност за развојот на јавниот сектор. Фискалната транспарентност ја зголемува одговорноста на политичките структури во управувањето со јавниот сектор и го зголемува ризикот на којшто се изложуваат политичарите ако спроведуваат неодржлива фискална политика. Од друга страна, на тој начин добро информираната јавност учествува во зголемување на кредибилитетот на државата и нејзините институции.

Цивилниот сектор во Србија добива сè повеќе симпатизери. Тоа може да има значајни политички ефекти доколку неговите актери ги координираат акциите и социјалниот маркетинг, ги проценуваат аналитичарите и самите невладини организации. Едукацијата и точното информирање на граѓаните се пресудни за да бидат тие во состојба да ја препознаваат најоптималната програмска опција и да ја преземат улогата на иницијатор и контролор на демократските процеси.

Во Бугарија постои натамошен прогрес во реформите на јавната администрација со ревизии на законодавната рамка и со усвојување на Стратегијата за модернизација на државната администрација, но потребни се сериозни напори за развој и имплементација на реформите за да се осигура ефикасна,транспарентна и прилагодлива јавна администрација. Бугарија значително ја подобрила законската рамка за сузбивање на шверцот, корупцијата и организираниот криминал и политиката за азил. Сепак, постојат многу области кои загрижуваат и натаму. Идентификуван е нов проблем, многу сиромашни животни услови за луѓето што се сместени во институциите, особено за ментално хендикепираните, што бара ургентно решение и притисок на цивилниот сектор. Бугарија исто така треба да ги зајакне напорите за реформа на системот за детска заштита. Треба да се решат проблемите и со скромните и сиромашни услови во притворските институции и во полициските станици. Промените во кривичниот законик се важен чекор за отстранување на дискриминацијата за половата ориентација, а малку е направено и околу отстранување на општествената дискриминација кон ромската заедница, или за преземање конкретни акции за подобрување на нивните многу бедни животни услови. Важен чекор за прогрес во тој поглед би било усвојувањето современа антидискриминаторска легислатива.

## Искуства од ЈИЕ или Западен Балкан

Во Унгарија реформите на јавната администрација на централно ниво се завршени подоцна од предвидениот рок. Законот за јавни служби од 2001 година, делумно изменет во 2002 година, е важен чекор напред во усогласување и консолидација на законската рамка. Унгарската влада продолжи со усвојување серија законски и практични мерки за борба против загрижувачката корупција во согласност со антикорупциската стратегија. Важно е дека новите одлуки за подобро решавање на ситуацијата се имплементираат брзо. Јавните служби, медиумите и политичките партии се повторно целосно застапени во телата за супервизија на довербата. Нови чекори се преземени и за подобрување на општествениот живот. За да се подобри тешката ситуација на Ромите, со исто темпо продолжува

имплементацијата на среднорочната програма, донесена во 1997 година. Институционалната рамка и натаму е зајакната и е воведен нов систем на мониторинг. Сепак, политиката за Ромите во однос на општите општествени развојни стратегии постои како одделен и паралелен проект. Ромите и натаму се дискриминирани. Потребно е усвојување современа долгорочна стратегија и антидискриминаторска легислатива.

Во Романија спроведувањето на главната програма за административни реформи е важен развој и сигурна успешна имплементација на реформите, што треба да бидат приоритет. Значителен прогрес е направен со одлуката за демилитаризација на полицијата. Нови институционални структури се создадени за борба против корупцијата, што е причина за многу сериозна загриженост, но тие мораат да имаат влијание. Направен е значителен прогрес за детската заштита, редуцирајќи го бројот на децата во институциите за грижа и заштита и подобрување на актуелните животни услови. Направен е прогрес во промовирање еднакви можности меѓу мажите и жените, со развој на структурите за спречување на трговијата со луѓе и со воспоставување институционална рамка за борба против дискриминацијата. Позитивен развој има и во поглед на третманот на малцинствата. Легислативата што обезбедува официјално користење на малцинските јазици е имплементирана релативно мирно. Важни чекори се преземени за имплементација на националната стратегија за подобрување на условите за Ромите, со цел за ефективно искоренување на дискриминацијата и подобрување на животните услови, за што ќе бидат неопходни дополнителни финансиски ресурси.

И во Словенија е направен значаен прогрес во реформите, усвоен е закон за јавни служби, јавни агенции и државна администрација. Со усвојување на овој закон, законската рамка за реформи на јавната администрација сега е усогласена со европската легислатива. Наредна важна задача е тоа целосно да се имплементира во практиката. Реформите на судскиот систем продолжуваат низ законски измени и со усвојување на мерки, но мора да се сфати дека постои потреба од натамошно подобрување.

Одлуката за кандидатски статус, донесена во Хелсинки во 1999 година, ја охрабри Турција да воведе серија фундаментални реформи. Главните уставни реформи се воведени во октомври 2001 година, а беа насочени кон јакнење на гаранциите за човекови права и слободи и кон рестрикции на казнената политика. Новиот кривичен закон е усвоен во 2001 година, а други три реформски пакети се усвоени минатата година. Смртната казна во мирновремenski услови е укината. Вонредна состојба е укината во две провинции на југоисток од државата. Усвојувањето на овие реформи е важен сигнал за определбата на поголем дел од турските политички лидери за натамошни усогласувања со вредностите и стандардите на ЕУ. Августовскиот пакет од 2002 година укина некои рестрикции во законот за информирање.

Меѓутоа, и натаму се водат судски процеси против писатели, новинари и изадавачи. Направен е прогрес и во областа на слободата на здружување, изменет е Законот за граѓански здруженија при што се укинати некои од ограничувањата. Сепак, останаа разни основи за забрана на здружувањето. И странските здруженија во Турција се објект на одредени ограничувања и строги контроли. Новиот граѓански закон вклучи одредби за унапредување на еднаквоста меѓу половите и за јакнење на гаранциите за заштита на правата на децата. Турција ја ратификува Конвенцијата на ОН од 1969 година за елиминација на сите форми на расна дискриминација, но детскиот труд и натаму се злоупотребува. Во легислативата останале поблаги казни за кривични дела поврзани со убиства поради честа, што како сè уште да се толерира. Третото важно прашање за политичките критериуми останува да се реши во иднина. Тоа е борбата против тортурата и малтретирањето, цивилна контрола на војската, правата на заробениците на совеста, области што не се во согласност со одлуките на Европскиот суд за човекови права.
Со инсистирање на транспарентност и одговорност во работата на владините институции, преку притисок во јавноста, а истовремено и во сопственото работење, граѓанскиот сектор има задача да дејствува врз забрзување на демократизацијата на општеството, човековите и малцинските права, во јакнење на институциите на системот, за слободната размена на идеи во регионот. Со регионална соработка, државите од Западен Балкан, меѓу кои и Република Македонија, побрзо и успешно ќе се интегрираат во семејството на европските нации.

## Промоција на НВО преку мрежата на интернет

Еден од најефикасните начини, којшто во западните земји е многу присутен, а кај нас сé уште недоволно познат и искористен, е презентацијата на невладините организации преку интернет. Со нудење конкретни информации за своите програмски цели и акции и со објаснување што може да промени таквиот ангажман во животот на граѓаните, невладините организации би добиле многу голем број активни следбеници.
Промоцијата на третиот сектор преку интернет би можело да ја измени сликата кај оној дел на граѓаните кои работата на невладините организации ја врзуваат исклучиво за зависност од странски фондации и прашањето на финансиска корист. Со заеднички настап на интернет, кој подразбира добар концепт и адекватна техничка реализација, третиот сектор би го зголемил интересот на медиумите за нивната работа, но и на меѓународните организации и институции кои би биле подготвени да ги поддржат во реализацијата на нивните програми. Со статистичкото следење на посетителите на страницата, би добиле многу попрецизна слика за нивниот



Николаки Миов

# Обелоденувањата на финансиските извештаи во функција на транспарентност и одговорност во граѓанското општество

## Апстракт

Во Република Македонија во досегашниот период на транзиција граѓанскиот сектор доживува брз подем и е постојано во првите редови на демократските промени. Тој ја докажа способноста да функционира успешно и во кризни услови. Сепак, јавноста не му ја укажува довербата што му припаѓа. Дел од причините за ова е и во самиот граѓански сектор кој е недоволно транспарентен и не успеа да ги издвои оние организации каде личните интереси се пред целите на организирањето. Овој напис е заснован на моето искуство и како волонтер во граѓанскиот сектор и како професионален сметководител во јавната практика и укажува на потребата од саморегулирањето во граѓанскиот сектор и обелоденување на финанансиските извештаи во форма поинаква од општоприфатената во моментов.
Клучни зборови: Непрофитен сектор, граѓански организации, обелоденување, саморегулирање, финансиски извештаи, транспарентност и одговорност.

## Вовед

По добриот стар обичај на судот на чаршијата во нашата држава граѓанските организации се колективно осудени како „крадци и измамници". Казната е исто колективна и се огледува во минималните привилегии кои ваквите организации ги уживаат од страна на даночната легислатива и обидите за минимизирање на резултатите од нивното учество во градењето на односите во државата.

Но, исто, по нашиот стар обичај чекаме некој друг да побара поединечна одговорност од организација или нејзин раководител. Ваквата поединечна одговорност не ја бара ни граѓанскиот сектор сам од себе, и покрај тоа што има многубројни организации чија основна определба е барањето одговорност во многу други сегменти на државата.
Елементот на контрола се препушта на Управата за јавни приходи и донаторот. Управата тоа го прави само од аспект на јавните давачки без навлегување во рационалноста на трошење на средствата, а донаторот тоа го прави од аспект на своето сфаќање на краткорочните цели кои треба да се постигнат, со долгорочните цели и воопшто граѓанското организирање и неговата улога надвор од фокусот.
Решенијата се бараат на страната на државата која со ефективна законска регулатива би требало да ги реши сите прашања, па дури и да предвиди какви можат да бидат потребите во иднина. Такво нешто не е постигнато ниту во држави каде власта има далеку помалку наталожени и дневни проблеми, а уште помалку може да се очекува кај нас.

## Саморегулирање

Во западните земји од деведесеттите до денес си повеќе се засилува иницијативата за потребата од саморегулирање на непрофитните организации. Основни инструменти кои се употребуваат во овој процес се транспарентноста и обелоденувањето.
И кај нас треба да се промовира ваквиот начин на донесување правила по кои треба да се однесуваат здруженијата на граѓани. Тоа што смеете да го обелодените ретко е погрешно, а уште поретко може да биде измама. Транспарентноста ќе овозможи и одвојување на добрите од лошите практитки и процедури во работата на граѓанските организации преку меѓусебно споредување.
Кај нас често е на завидно ниво вештината на одбегнување правила кои се наметнати со принуда. Можеби правила кои не се наметнати со принуда, правилата на саморегулирање, ќе се почитуваат далеку повеќе. Во секој случај, нивното донесување не може да штети.
Ваквите правила можат да добијат форма на кодекси на етика, стандарди за финансиско известување, принципи на добра практика. Интересна форма се сертифицирањето и акредитацијата од страна на независни агенции или граѓански организации како потврда на воведување и одржување добри практики во организациите, нешто слично на системите на квалитет кај стопанските субјекти.
Во сите нив основен столб на градење доверба се транспарентноста и

обелоденувањето. Некогаш е доволно некои работи да се објават на огласна табла на ѕидот на канцеларијата на организацијата па работењето да биде транспарентно. Со развојот на електронската комуникација известувањето на јавноста престана да биде скапа работа и повеќе е прашање на време и желба на членовите на организацијата, отколку на пари. Доброволното објавување на периодичните и годишните извештаи за работа на граѓанските организации е прашање на создавање една интернет-страница на која ќе можат да ги објават. Секој заинтересиран ќе ја посети страницата и ќе може да добие информации за граѓанската организација кон која го насочил интересот. Еден таков пример на интернет е www.guidestar.org каде тврдат дека имаат 700.000 извештаи на непрофитни организации.

## Интерна контрола

Финансиските трансакции на здруженијата на граѓани се и ќе бидат цел на интересирањето, како на заинтересираните корисници на информации поврзани со граѓанскиот сектор, така и на пошироката јавност и медиумите, добронамерните и оние другите.
Основниот инструмент на контрола на финансиските трансакции предвиден со Законот за здруженија на граѓани е органот од член 63 став 1 кој гласи: „Со статутот на здруженијата на граѓани се утврдува органот кој врши контрола за наменско користење и располагање со средствата и приходите на здруженијата на граѓаните и фондациите".
Овој орган во повеќето статути е определен како надзорен одбор.
Во контактите и ангажманите кои сум ги имал во здруженијата на граѓани не сум запознал член на надзорен одбор кој ефективно ја остварува контролата предвидена според законот. Тоа се најчесто почесни членства кои ретко одржуваат и формални состаноци, а уште помалку остваруваат увид во трансакциите на организацијата каде се поставени. Законот не предвидува казнени одредби за пасивен надзорен одбор, Управата за приходи не го бара тоа бидејќи оперативно за финансиското и матерјално работење обично е одговорен раководителот на некој од извршните органи, а донаторите не бараат тој да преземе нешто со контролата на извештаите кои им се доставуваат. Неговото ставање во позицијата која според законот и статутите му припаѓа е првиот чекор кон транспарентност и обелоденување на користењето на средствата на организацијата.
Но не може да се очекува тој да се стави во функција без јасни правила според кои треба да се однесува. Тој орган прв би извлекол корист од стандарди за финансиско известување и правилници за сметководство коишто организациите вообичаено ги немаат. Изготвувањето вакви акти е

скапо за секоја организација поединечно, но интересот на секторот во целина и државата од своја страна е толкаво што нивното изготвување како општи правила на саморегулирање во непрофитниот сектор би симнало од дневен ред многу паушални оценки на финансиското работење. Тогаш лесно би се одвоиле организациите кои ги почитуваат од оние кои не ги почитуваат правилата. Поткрепено со тврдењето за вистинитоста на финансиските извештаи од страна на надзорниот одбор и нивно обелоденување во јавноста би значело брзо зголемување на кредибилитетот на организациите кои ќе го усвојат ваквиот метод на работа.

Стандардите можат да вклучат многу процедури на интерни контроли, особено во набавките, работата со готови пари и располагањето со основните средства на организациите кои како добри практики ќе овозможат натамошна контрола на наменското располагање со средствата. Тие ќе го дефинираат и пристапот кон деловните евиденции кои често, водени од екстерни сметководители кои за основа ги имаат правилата кои важат во профитниот сектор, не се вистински одраз на потребите за финансиско известување на организациите, па имаме посебни евиденции и финансиски извештаи за донаторите, а посебни за потребите за финансиско известување на ниво на организација која се сведува на минималните барања на законските прописи. Тие најчесто не се одраз на специфичноста на организацијата и од нив не може да се оцени рационалноста на трошењето која не е иста со онаа на профитните ентитети.

Доказ дека организациите можат да работат и поинаку се извештаите кон донаторите од каде што доаѓаат фондовите. Кога ќе им се презентираат јасни правила како што се очекува да изгледа финансискиот извештај кон донаторот, организациите непогрешливо ги следат.

Високото ниво на интерните контроли и интерната одговорност ја намалуваат и можноста државата преку свој систем на контрола да му наметне на граѓанскиот сектор сопствени гледишта и да ја намали можноста од злоупотреби на контролните механизми на власта.



Стандардите за ваквиот систем на контроли треба да бидат недвосмислени и јасни. Само така ќе можат да бидат широко применети.

Надзорниот одбор е еден од органите кои се во оваа функција. Од клучно значење е и избегнување на состојбите на поединец–организација каде целокупната одговорност и контрола е концентрирана кај мал број лица, обично поврзани меѓу себе. Сите членови на управните органи треба да добијат поголеми надлежности и одговорности во интерните контроли на организацијата, а не да бидат само почесни членови. Волонтерите треба да се охрабруваат да стекнуваат повеќе знаење за финансиското работење на организацијата. Така тие ќе можат повеќе да помогнат и во смалувањето на административните трошоци за водење деловни евиденции со водење дел од помошните книги во организацијата и истовремено ќе бидат дел од системот на интерна контрола.

## Фискални прописи

Неселективните фискални оптоварувања негативно влијаат на вистинитоста на евиденциите и финансиските извештаи и објективно придонесуваат за нетранспарентност на финансиското известување. Сите трошоци поврзани со физички лица, неопходни за остварување на целите за кои е основана организацијата, се повисоко оданочени од, на пример, издавањето деловен простор, сопственост на граѓани, на трговски друштва со јасни профитни цели. И тука се потребни правила на саморегулирање кои трошоци се навистина неопходни за извршување на функцијата, како ќе се контролира рационалноста и ефикасноста на ваквите трошоци, пред си интерно од организацијата. Дури потоа може да се побара државата да го прилагоди даночното законодавство како одраз на повисока доверба во граѓанските организации коишто ги почитуваат добрите практики.
Сегашната состојба на зголемен број здруженија на граѓани резултира со намалена државна контрола. И за државата е поважно да го применува законот на сите подеднакво отколку да има високи давачки коишто секој се труди да ги избегне.

## Финансиски извештаи

Извештаите и особено финансиските извештаи треба да докажат дека здруженијата на граѓани можат да ги потрошат средствата наменети за помош на заедницата поефективно, поефикасно и поекономично отколку владините институции и нејзините органи, да ја покажат способноста да ангажираат донации и волонтери во функција на задоволување на потребите на локалните заедници.
Прикажани во таква светлина тие ќе покажат дека сите бенефиции коишто ги добиваат се оправдани и дека навистина ги користат средствата за остварување на целите за кои се основале.
Остварувањето на оваа цел бара поинакви финансиски извештаи од вообичаените во моментов, финансиски извештаи коишто нема да содржат само трошоци по видови туку трошоци распоредени по одредени проекти и во нив трошоци според видови, средства и обврски утврдени според принципите на настанатост во периодот, а не само паричниот тек. Паричниот тек треба да биде само еден од извештаите во комплетот финансиски извештаи.
Особено се од значење белешките кон финансиските извештаи коишто во моментов не се изготвуваат. А токму во нив место треба да најдат дообјаснувањата на позициите во финанските извештаи, одредените нефинансиски показатели, како и обелоденувањето на одредени спорни

моменти во работењето коишто ќе ја заокружат сликата презентирана во билансите на организацијата.

## Транспарентност и одговорност

Обелоденувањето ќе ѝ помогне на пошироката заедница и на организацијата:

- Да обезбеди основни податоци на медиумите и да ги намали шпекулациите;
- Да се подигне општата информираност за работењето на организациите од граѓанскиот сектор;
- Да се намалат претпоставките во врска со висината на платите и административните трошоци;
- Да се создаде реална слика за трошоците за активностите и резултатите од нив;
- Да се одвојат оние организации каде целите се повеќе лични отколку насочени кон заедницата;
- Да се зголеми довербата во работата на здруженијата на граѓани;
- Да се намалат конфликтите на интереси;
- Да се овозможи потенцијалните донатори полесно да изберат каде да ги насочат средствата;
- Да ги намали можностите за корупција.

Оние организации кои ќе одбијат да ги обелоденат своите финансиски извештаи со право ќе предизвикаат сомневање во своето работење, но тие ќе можат точно да се идентификуваат и нема да предизвикуваат недоверба во целиот сектор. Тоа ќе ѝ овозможи и на државата полесно да определи каде доаѓа до нарушувања на принципите на работење, ненаменско трошење и злоупотреба на бенефициите, со што ќе се избегне примената на решението кое досега најчесто се користи: казнување на целиот сектор со измена на законите и нивна поголема рестриктивност.

Одговорноста на организациите ќе се зголеми. Грешките од незнаење или неинформираност брзо ќе се откријат, пред да добијат пошироки размери. Поголеми резултати во тој дел ќе се постигнат доколку навреме се опоменат оние кои несоодветно се однесуваат, со точно адресирана опомена или казна, отколку со генерално обвинување на целиот граѓански сектор.

Ваквите генерални обинувања одат на рака и на нашиот граѓанин и сопственик на трговско друштво, како потенцијален донатор, кој си ја смирува совеста што не помогнал во рамките на своите можности, со тоа дека и онака неговите пари нема да стигнат таму за каде се наменети. Не е нереално дека зголемената транспарентност и одговорност ќе помогне да отпочнат процеси на собирање средства и од домашни донатори што

темелно ќе го измени пристапот на органите на здруженијата на граѓани кон планирањето и начините на прибирање средства.
Свеста за владеење на правото во граѓанскиот сектор е важна и за целокупните состојби во државата. Вработените, раководствата и волонтерите во граѓанскиот сектор се многубројни и нивното влијание постојано расте. Неможноста во овој сектор да се сокриете зад нетранспарентност и тајност во работата и особено во финансиските трансакции кај сите негови припадници ќе создаде свест за потребата  и во останатите сектори, особено владиниот, да се воведат слични принципи на транспарентност на трошењето.

## Заклучок

Само со транспарентност  во работата може да се одржи демократскиот принцип на организирање на граѓаните за цели различни од егзистенцијалните и освојување на власта, а кои ним сепак им се важни. Можноста мала група граѓани да основа правно лице преку кое ќе остваруваат заеднички интерес со минимум почитување на редот и поредокот во државата е брана пред слични неформални организирања кои лесно можат да се пре]дат на темната страна на општеството.
Јавноста во работата повлекува одговорност и пред локалната заедница во која организацијата работи и таа ќе знае што може да очекува од активностите на конкретната организација и според тоа ќе може исправно да го вреднува нејзиниот прдоинес.
Повеќето луѓе се спремни да почитуваат јасно одредени правила и насоки на делување, особено ако се тие реални и фер, еднакви за сите. Во моментов кај финансиските извештаи во непрофитниот сектор доминира влијанието на државата и донаторите. Еден сет на правила коишто финанските извештаи ќе ги претворат во инструмент за претставување на организациите и нивното делување пред добронамерниот дел од граѓаните може да донесе многу користи.
А оние злонамерните? Нив добро им оди  во ситуација кога не се објавуваат финансиските извештаи. Се сомневам дека транспарентноста ќе им помогне.



д-р Миодраг Лабовиќ

# Отвореноста и проодноста на новите невладини организации во компетитивниот граѓански сектор

## Вовед

Бројните емпириски истражувања спроведени од релевантни странски и домашни научни институции потврдија, а самата практика докажа дека ендемската распространетост на системската корумпираност во Македонија не го заобиколи и граѓанскиот сектор. Имено, нетранспарентноста и неодговорноста длабоко се навлезени и во граѓанскиот сектор, во неговата најавангардна сфера - невладините организации[4], коишто, патем речено, се најповикани за градењето на јавната свест, помеѓу другото и за нетолеранцијата на општествената болест број еден - корупцијата, во чијашто основа, всушност, почиваат нетранспарентноста и неодговорноста. Се разбира дека ваквата констатација колку и да е генерална, секогаш од неа имало и ќе има исклучоци од основното правило, бидејќи, помеѓу другото, токму ислучоците го потврдуваат правилото.

Всушност, нетранспарентноста, или, непостоењето на цврсто пишани и јасно предвидени постапки преку кои се овозможува отвореност и достапност за увид на секој од заинтересираните субјекти, овозможувајќи им на тој начин услови за подеднакви шанси, од една страна, и неодговорноста, или, непостоењето на цврсто етаблирани правни основи и механизми за доследно применување на законските и други прописи за санкционирање на разните

[4] Во септември 2001 година, од страна на авторот, во рамките на емпириските истаржувања за неговиот докторски труд, спроведена е анкета на репрезентативен примерок од 1200 испитаници од повеќеслојна структура, при што помеѓу другите 11 униноминални прашања, беше поставено и прашањето: „Во која од наведените институции има најмногу корупција?'' Од вкупно наведените 19 институции, односно општествени области, невладиниот сектор се најде на 18 место, или со 6,08 % беше наведена како една од најмалку корумпираните сфери на јавниот живот во Република Македонија, но сепак, како што покажаа податоците, не е поштедена од тој маѓепсан круг.

злоупотреби, од друга страна, ја поттикнуваат корупцијата дури и кај оние луѓе што природно не се склони кон тоа, или, пак, не тргнале со таква намера. Притоа, зборувајќи за длабоката заснованост и нераскинлива поврзаност на нетранспарентноста и неодговорноста со корупцијата, како два клучни елементи коишто покрај другото го сочинуваат нејзиното јадро, треба да се напомене дека ја подразбираат корупцијата во нејзината најширока смисла. Имено, тука веќе не станува збор за корупцијата во нејзината едно-димензионална криминогена структура на давање и примање поткуп, туку се работи за генералниот концепт на корумпирана политика, преку којшто не се добива само материјална корист, ами се стекнуваат и нематеријални предности и корист.[5]

## Цели

Често слушаме и читаме дека целта на големите меѓународни финансиери за развој на цивилното општество во Македонија е поттикнувањето, оспособувањето и јакнењето на што поголем број невладини организации, па дури и граѓани-поединци од маргинализираните групи, за активно вклучување во процесите на одлучување, со што цивилното општество ќе добие на својата „масовност" и поактивна улога во решавањето на најгорливите проблеми во современата македонска транзициска преобразба. Тоа значи контратеза на создавањето монополски невладини организации, односно „елита" и во најмасовната општествена сфера. Меѓутоа, кај нас се случува токму обратното. Веќе имаме толку моќни невладини организации, коишто, спротивно на иманентната непрофитабилност, функционираат како најмоќни профитни претпријатија. На распишаните конкурси за доделување на поголемите грантови, речиси, без исклучок, добиваат едни те исти „имиња". Ретко кога добиваат кандидати од помалку познатите

[5] Во горенаведената смисла, вредно е да се напомене дека етимолошката генеза на зборот корупција е од латинско потекло и во буквален превод значи расипаност, односно неморално и неправедно однесување.

[6] Ваквата констатација емпириски е базирана на продлабочените и повторени интервјуа со репрезентативен примерок од 150 претставници од невладиниот сектор во Република Македонија, спроведени од страна на авторот во мај 2002 година. Исто така, оваа констатација емпириски е потврдена од бројните искажувања на претставници од невладиниот сектор на подготвителни состаноци пред доделувањето на некои грантови, кога од страна на донаторите јасно е кажано дека новорегистрираните НВО нема што да бараат, а на тоа бурно реагираа најголем број од невладините организации коишто од оправдани причини немаат богато портфолио. Истите проблеми од страна на повеќе НВО беа изнесени и на состанокот на коалицијата „Македонија без корупција" што се одржа во Скопје на 17.04.2003 г.

или новорегистрираните невладини организации (а да не зборуваме за поединци, кога и тие се повикани да учествуваат на конкурсите), што не се во тесна врска со општествено-политичкиот естаблишмент („кремот“) во државата.[6] На тој начин, власта длабоко ги вкопува своите „пипци“ на контрола, токму во овој сегмент на којшто оригинално и автохтоно му припаѓа не само правото, туку и обврската да ја контролира и насочува владата во донесувањето на нејзините одлуки.

Во овој сегмент, покрај сите причини од социо-културен и економски карактер, коишто лежат во основа на нашата политичка и правна култура и свест, такви какви што се, добар дел од одговорноста можат да понесат и претставниците на меѓународните и странските организации, големите финансиери на благородната мисија за развој на цивилното општество во Македонија.

Имено, претставниците на донаторите во Македонија, наместо да ги остваруваат благородните цели на нивните принципали и да ги пренесуваат позитивните искуства од земјите на донаторите, тие побргу го прифаќаат фолклорот на македонската културна матрица за корумпирано однесување според познатиот принцип: „Добива оној што најмногу може да даде“, се разбира, сѐ друго, само не квалитетно осмислени проекти коишто ќе вродат со одредени ефекти.

Иако донаторите имаат свои цели и своја агенда во чијшто редослед на приоритети неспорно е дека не можеме да се мешаме, сепак неопходно е да се отворат хоризонтите на новите видувања и да се укаже на можните правци за отстранувањето на досегашните пречки, како и промовирањето на нови решенија доколку навистина се сака да се помогне во барањето одговори на предизвикот: Како невладините организации и целото цивилно општество да станат помалку фригилни, а повеќе моќни во нивното незаменливо влијание врз власта; Како да се поттикне развојот на политичката и правната култура и свеста и како да се охрабрат граѓаните повеќе конструктивно, а помалку деструктивно да го практикуват основното природно право на отпор спрема секоја корумпирана и ненародна власт, запишано уште од Големата француска буржоаска револуција, а притоа да се неутрализираат новите, во суштина стари конзервативни и правнопозитивистички изговори за недопуштеноста на популистичките методи, изразени преку т.н. „улична“ демократија и барањето за исклучивото решавање на конфликтните прашања преку институциите на системот, кога тие институции воопшто не функционираат праведно според постулатите на демократско-правната држава, или, пак, не сакаат ниту да чујат за легитимните и оправдани барања на граѓаните.

## Проблеми

Отстранувањето на досегашните пречки за остварување на планираните цели најмногу се однесува на самите услови коишто се поставуваат при распишувањето на конкурсите за доделување грантови, при што речиси неизбежни се ограничувањата од типот: ,,Предност имаат оние невладини организации со ждебело' портфолио, односно, оние кои имаат претходно искуство во работа на проекти финансирани од меѓународни донатори; Претходно остварени контакти и богата соработка со други неевладини организации; Однапред обезбеден дел од средствата потребни за финансирање на проектот од други извори'' и слично, што сето тоа е во ред во одредени случаи од оправдани причини. Меѓутоа, треба да се знае дека тоа не придонесува за реализација на горепосочените цели за развој на граѓанскиот сектор, бидејќи таквите услови, уште во старт, ги елиминираат новорегистрираните и почетнички невладини организации, како и независните интелектуалци и експерти, кои имаат многу што да кажат во врска со најгорливите општествени проблеми, а истите не припаѓаат ниту на владиниот сектор, ниту на институционално етаблираниот невладин сектор. Едноставно, невозможно е некој да ги исполнува условите за претходно стекнато искуство, пред да се роди. Дури и тие со најмногу стекнато искуство, на почетокот немале никакво искуство, но сепак им било овозможено да го стекнат тоа искуство. Според тоа, во таквите поставени услови, сигурно е дека нема место за новите почетници меѓу невладините организации и независните интелектуалци и експерти од коишто можат да потекнат значајни идеи и импулси, што, впрочем, е основната намера за вложувањето на големите пари што странските и меѓународните донатори ги даваат за поттикнувањето на развојот на граѓанскиот сектор во Македонија.

## Решенија

Најприоритетните потреби за решавање на досегашните проблеми, со цел за реална поддршка и развој на граѓанскиот сектор во Македонија, што максимално ќе ја оствари својата улога на автохтон промотор на идеи и силна брана против корумпираноста и секаков друг вид ,,скршнување'' на власта и општеството во целина, треба да бидат насочени кон следните пунктови на потранспарентно и поодговорно однесување во граѓанскиот сектор:

1. Донаторските организации треба да размислат за предвидување поголеми средства во нивните буџети, програми, фондови, коишто ќе бидат наме-

нети за реализација на иницијативи кои изворно потекнуваат од независните експерти и интелектуалци од домицилната држава - Македонија, наспроти досегашната практика на наметнување приоритетни теми.

Во спротивно, парите инвестирани само кон невладините организации (кои, сепак, како институционализирани облици со бирократска инфраструктура, не ги изразуваат најавтентично импулсите на граѓанскиот сектор), нема да ја оправдаат својата намена. Затоа, многу поголемо значење и внимание донаторите во своите програми и фондови треба да им посветат на ,,инпутите'' што најавтентично доаѓаат од независните домашни експерти, кои многу побрзо успеваат да ги детектираат и препознаат проблемите со коишто приоритетно се соочува државата, отколку моќните донаторски организации зад кои стои огромен бирократски апарат или домашните бирократизирани невладини организации;

2. Поддржување на новите почетници меѓу невладините организации, како и независните експерти кои нудат иницијативи за значајни проекти во сите сфери на општественото живеење, а посебно и за прашањата од врвен национален интерес како што се спречувањето на корупцијата, воспоставувањето на принципот на владеењето на правото итн., преку утврдување на такви критериуми што ќе поставуваат стимулативни услови за нивниот развој, како значајни актери во омасовувањето и активирањето на креативните потенцијали на граѓанскиот сектор;

3. Достапност за увид во резултатите од јавните конкурси за доделувње грантови и финансирање на значајни општествени проекти на оние заинтересирани субјекти, коишто не добиле на конкурсот. Таквата достапност ја отвара можноста за вистинска транспарентност во одлучувањето, преку овозможувањето на правото на увид, како и задолжителното давање на образложение на кандидатите, со цел тие да видат поради кои причини победил(е) друг(и) кандидат(и), а не самите тие. Таквата постапка ја јакне заемната доверба и потребата од меѓусебна соработка;

4. Поригорозна и систематска контрола на средствата што се доделуват за грантовите, бидејќи тие не ретко служат за лично богатење, преку прикажување фиктивни трошоци во сметките за извршените работи, коишто, најчесто, се исполнуваат само формално, или во нивната најгруба форма - колку да помине редот;

5. Оценка на резултатите од предвидените ефекти што требало да настанат со реализирањето на проектот. Таквите оценки понатаму можат да послужат како дополнителна стимулација или изолирње на кандидатите кои ги злоупотребиле доделените средства, односно не ги искористиле во согласност со целите на проектот.

## Заклучок

Можеби целата оваа конструкција повеќе се потпира на меѓународниот фактор, отколку на оригиналната улога на граѓанскиот сектор за развивање и јакнење на свеста за нетолеранција на нетранспарентноста и неодговорноста во граѓанскиот сектор и во сите други сегменти на општествениот живот во Македонија. Меѓутоа, за една работа мора да сме на чисто. Таквата благородна и честита улога, која не треба никој да му ја подарува на цивилното општество (граѓанскиот сектор), бидејќи таа нему бездруго му припаѓа, е долгорочен и мачен процес во земја како што е Република Македонија. Имено, во услови на сеопшта корумпираност, пресудниот импулс што треба да тргне токму од цивилното општество во долгоочекуваната антикорупциска кампања како суштинска матрица преку којашто впрочем треба да се разрешат и прашањата на (не)транспарентноста и (не)одговорноста, тешко дека ќе може да се оствари само со појавување пред ТВ камерите, со лепењето плакати, прикажувањето преку видеоспотови, билборди и сл.

Оттука, во Република Македонија работите нема да тргнат напред ниту во оваа сфера, којашто по природа на работите е автохтона и најповикана да изврши влијание за поведување сериозна војна против нетранспарентноста и неодговорноста без организиран и симултан притисок, од една страна на меѓународните фактори, пред сè оние најголемите донатори кои издвојуваат големи пари за развојот и јакнењето на улогата на граѓанскиот сектор во Македонија, и од друга страна на самиот граѓански сектор, но организиран на многу поавтентична основа, изразувајќи ги сите автохтони идеи, решенија и предлози на сите оние коишто искрено се засегнати со надминувањето на овие негативни состојби во граѓанскиот сектор. Истовремено, граѓанскиот сектор како дел од општеството и на тој начин нераскинливо поврзан со сите други општествени сегменти, ќе може да ја оствари најоптимално својата авангардна и благородна улога на поттикнување, насочување и контрола, со цел за ставање во општествено толерантни рамки на овие крајно разорувачки и погубни појави во целото општество.

# Белешки за авторите

Ружица Фотиновска, родена 1971 г., дипломиран проф. по македонска книжевност со македонски јазик, новинар во дневниот весник „Вест“.

д-р Мишо Докмановиќ, роден 1979 г., доктор по правни и политички науки.

Жанета Ќосе, родена 1966 г., дипломира на Интердисциплинарните студии по новинарство на Правниот факултет. Постдипломец на Европски студии за интеграција и комуникација, Филозовски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.



Николаки Миов, роден 1959 г., дипломира на Економскиот факултет во Скопје. Работи како овластен ревизор во „Ефект плус“ во Скопје.

